## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДВА ЕКСПЕРТИ/КИ

## ЗА АНАЛИЗА НА ДОБРИ ПРАКТИТКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

**1.За Сојуз-Национален Совет за Родова Рамноправност**

Националниот совет за родова рамноправност (НСРР) е национална мрежа на локални женски организации посветена на родова рамноправност, заштита на женските и човековите права, развој и градење мир. НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација на жените и на изградба на општество со еднакви можности за сите.

**2. За Проект: „Балкан отпорен на кризи"**

Сојуз-Национален совет за родова рамноправност (НСРР) во партнерство со организациите „Центар за развој на граѓански друштва (Протекта)" од Србија и „Центар за човекови права (Импакт)" од Босна и Херцеговина, е финансиран и поддржан од „Центарот за истражување и креирање на политики (ЦРПМ)" во рамки на регионалениот проект „Балкан отпорен на кризи".

Преку следење на финансирањето во кризни ситуации, проектот има за цел да обезбеди ресурсите да се распределуваат на начин кој им дава приоритет на потребите на жените и другите маргинализирани групи да бидат вклучени во процесите на донесување одлуки. Со приоритизирање на потребите на овие групи и обезбедување нивно вклучување во процесите на одлучување, дистрибуцијата на ресурсите ќе биде поправедна, ранливостите ќе бидат ефективно адресирани, а одговорите на кризи ќе бидат поефективни и поинклузивни.

*За таа цел, Сојуз-Национален совет за родова рамноправност објавува*:

**Јавен повик за два експерти/ки:**

-Кои ќе подготват анализа на добри практики и препораки за родово одговорно буџетирање.

***3.Опис на работни задачи***:

- Ќе подготват анализа на добри практики и препораки за родово одговорно буџетирање преку сумирање на податоците добиени во рамки на проектот „Балкан отпорен на кризи" преку анализи, средби и работилници со релевантни чинители реализирани во Северна Северна Македонија;
- Анализата да биде подготвена на англиски јазик.

Austrian Development Agency
Gender Budget Watchdog Network for a gender equal region
Sida SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY
НСРР
Centar za razvoj građanskog društva PROTECTA Center for civil society development
ImpAct Center for Human Rights

**4.Цели на анализата:**

Целта на анализата е да се сумираат податоците добиени од проектот за Република Северна Македонија.

**5.Времетраење и период на спроведување на активностите:**

За овој ангажман се предвидени **вкупно 10 работни дена по експерт**. Активностите треба да се реализираат во период од месец Декември 2025 година.

Анализата ќе се спроведе на **англиски јазик**.

**6.Квалификации и барања кои треба да ги задоволи експертот/ката:**

Од експертот/ката се очекува да ги исполни следните критериуми:

*Општо професионално искуство:*

- Високо образование
- Минимум 2 години работно искуство

*Специфично професионално искуство:*

- Способност за навремено работење и испорачување на услуги
- Искуство во спроведување на анализи
- Одлично познавање на македонски јазик
- Одлични комуникациски вештини

**7.Пријавување и избор**:

Заинтересираните кандидати/ки можат да се пријават со доставување на следниве документи:

- Писмо за изразување интерес;
- Професионално CV;
- Финансиска понуда, која вклучува надомест по ден во бруто износ изразена во македонски денари, со вклучен персонален данок на доход.

● Пријавите треба да се достават најдоцна **до 12.12.2025 година** на е-пошта sozm@t.mk и pinzovska@yahoo.com со предмет: Апликација за „АНАЛИЗА НА ДОБРИ ПРАКТИТКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ"

✓ Критериуми за избор на експертот/ката се претходното релевантно професионално искуство и финансиската понуда. Кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор може да бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.